ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС
СТ.11/24
18.09.2024
Велес

# О Г Л А С

ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС објавува дека со Решение СТ бр.11/24 од 18.09.2024 година СЕ ОТВОРА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА над должникот Друштво за производство, трговија и услуги АГРО-МАРКЕТ К и Б ДООЕЛ Велес, со седиште на ул. Прохор Пчински бр.50, Велес со единствен матичен број на субјектот 6844561, со единствен даночен број 4004013509697, со жиро сметка бр.210068445610136 во НЛБ Тутунска Банка АД Скопје, бр.270068445610143 во Халк Банка АД Скопје, бр.290000001510729 во ТТК Банка АД Скопје и бр.300270000139945 во Комерцијална Банка АД Скопје, со приоритетна дејност/главна приходна шифра 47.78 - Друга Трговија на мало со нови производи во специјализирани продавници.

Стечајната постапка е отворена на ден 18.09.2024 година во 09:00 часот.

За СТЕЧАЕН УПРАВНИК на стечајниот должник се именува Весела Петрулева од Велес, ул.Благој Ѓорев бр.104-а/18, тел. 078-260-998.

СЕ ПОВИКУВААТ доверителите да ги пријават своите побарувања до стечајниот управник во рок од 15 дена од објавувањето на огласот во „Службен весник на РСМ", со доказ за платена судска такса во износ од 480,00 денари.

СЕ ПОВИКУВААТ доверителите во рок од 15 дена од објавувањето на огласот во „Службен весник на РСМ" до стечајниот управник да ги пријават своите разлачни права на подвижните предмети и правата на должникот како и разлачните права на недвижностите на должникот што не се запишани во јавните книги односно разлачните права на недвижностите што се запишани во јавните книги. Доверителите се должни да ги пријават и своите разлачни права на подвижните предмети и на правата на должникот што се запишани во регистрите во кои тие предмети односно права се запишани. Во пријавата мора да се означат предметите на кои постои разлачно право, начинот и основата на заснованјето на тоа право како и средствата за обезбедување на побарувањата. Доверителот кој без оправдана причина намерно ќе пропушти да поднесе пријава или ќе одолговлекува со поднесувањето на пријавата, одговара за штетата која поради тоа би можела да настане. Разлачните доверители кои не поднеле пријава за одвоено намирување во определениот рок не го губат правото на одвоено намирување од предметот на разлачното право во стечајната постапка.

СЕ ПОВИКУВААТ должниковите должници своите обврски кои ги имаат спрема должникот да ги исполнат кај стечајниот управник.

СЕ ЗАКАЖУВА рочиште за испитување и утврдување на пријавените побарувања на доверителите (испитно рочиште) на ден 21.11.2024 година во 09.00 ч. во судница бр.1 на Основен суд Велес.

СЕ ЗАКАЖУВА Собрание на доверители на кое, врз основа на извештајот на стечајниот управник доверителите ќе одлучуваат за понатамошниот тек на постапката (извештајно собрание) на ден 21.11.2024

година во  09.30 ч. во судница бр.1 на Основен суд Велес.

Отворањето на стечајната постапка да се запише во трговскиот регистар, во јавните книги во кои се запишани права врз недвижности на стечајниот должник и во други соодветни регистри. Примерок од решението да се достави до: Централен Регистар на РСМ - РРК Велес, Агенција за катастар на недвижности – Одделение за катастар на недвижности Велес, МВР-СВР Велес, Министерство за финансии -Управа за јавни приходи -РД Прилеп, Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје, како и носителите на платниот промет каде должникот има жиро-сметки.

Да се објави оглас во „Службен весник на РСМ“, на огласна табла на Основен суд Велес и во два дневни весника кои се дистрибуираат на територијата на РСМ.

Жалбата не го задржува извршувањето на решението.

Стечаен судија
Дара Арсова